Управниот одбор на Агенцијата за супервизија на капитално финансирано пензиско осигурување, врз основа на член 131 став (3) и член 138 став (5) од Законот за доброволно капитално финансирано пензиско осигурување („Службен весник на Република Македонија“ бр.7/2008 и 124/2010), донесе

# ПРАВИЛНИК ЗА ИНВЕСТИРАЊЕ НА СРЕДСТВАТА НА ДОБРОВОЛНИТЕ ПЕНЗИСКИ ФОНДОВИ

**(неофицијален пречистен текст)**
**(„Службен весник на Република Македонија”бр.171/2010 и 75/2013)**

## I.Општи одредби

### Член 1

Со овој правилник поблиску се пропишуваат:

а) условите што треба да ги исполнат регулираните секундарни пазари на капитал каде што се тргува со средствата на доброволните пензиски фондови;

б) квалитетот на акциите, обврзниците и другите инструменти во кои може да се вложат средствата на доброволните пензиски фондови;

в) земјите или групите на земји во кои може да се инвестираат средствата на доброволните пензиски фондови и

г) пренесувањето на управувањето со средствата на доброволниот пензиски фонд на менаџер на средства со седиште во странство.

### Член 2

Средствата на доброволните пензиски фондови се инвестираат согласно со одредбите од Законот за доброволно капитално финансирано пензиско осигурување (во натамошниот текст: Законот) и инвестиционата стратегија со цел остварување на највисок принос единствено во полза на членовите и пензионираните членови на доброволните пензиски фондови и преку диверзификација и финансиска анализа да се минимизира ризикот од загуби:

а) кои настанале поради неплаќање на издавачот или другата договорна страна;

б) кои произлегуваат од влијанието на домашните и странските финансиски пазари;

в) во реалната вредност на средствата на доброволните пензиски фондови поради инфлација и

г) кои се последица од продажба на средствата на доброволните пензиски фондови поради обезбедување на ликвидност на доброволните пензиски фондови.

Управувањето и контролата на инвестирањето на средствата на доброволните пензиски фондови од страна на член на управен одбор и надзорен одбор во друштво треба да биде во согласност со фидуцијарната должност и овие лица се должни да применуваат степен на грижа, делотворност и вештини кои би ги применувал разумен човек при инвестирање на сопствените средства.

**Член 3**

Со средствата на доброволните пензиски фондови не треба да се стекнуваат инструменти на кои се ставени забрани или ограничувања од било каков вид.

Со средствата на доброволните пензиски фондови не треба да се одржуваат „позиции на кратко" (short selling), односно да се позајмуваат хартии од вредност во сопственост на доброволните пензиски фондови.

**Член 4**

Обврските за пренос на хартиите од вредност, настанати врз основа на трансакциите со хартии од вредност во кои учествуваат доброволните пензиски фондови, се намируваат со истовремена испорака на хартиите од вредност и плаќање на цената за хартиите од вредност, согласно со принципот „испорака наспроти плаќање".

Со средствата на доброволните пензиски фондови не треба да се врши тргување со финансиски инструменти преку „блок" трансакции.

## II.Услови што треба да ги исполнат регулираните секундарни пазари на капитал каде што се тргува со средствата на доброволните пензиски фондови

**Член 5**

Согласно член 131 став (2) од Законот, тргувањето со хартии од вредност на доброволните пензиски фондови се врши на регулирани секундарни пазари на капитал и на пазари преку шалтер кои ги исполнуваат условите наведени во член 6 на овој правилник.

Друштвото кое управува со доброволниот пензиски фонд покрај работите од став 1 на овој член, може да:

а) склучува договори за купопродажба на акции во сопственост на доброволниот пензиски фонд во случај на преземање на акционерското друштво преку јавна понуда за преземање;

б) купува акции издадени од акционерски друштва кои ги исполнуваат условите од член 10 или член 14 на овој правилник на јавна понуда (дополнителна емисија на акции);

в) купува должнички хартии од вредност кои ги исполнуваат условите за издавачот и емисијата од член 7, 8, 10, 12 и 13 на овој правилник во случај на јавна понуда и

г) купува документи за удел и поднесува барање за откуп на документите за удел директно од/на друштвото кое управува со отворени инвестициони фондови, издадени по пат на јавна понуда.

**Член 6**

Секундарно тргување со хартии од вредност во Република Македонија се врши согласно член 72 од Законот за хартии од вредност преку брокерски куќи, овластени банки и подружници на странски брокерски куќи кои имаат дозвола за работење од Комисијата за хартии од вредност на Република Македонија.

Секундарното тргување со хартии од вредност надвор од Република Македонија се врши, преку дилерски и брокерски куќи кои работат со хартии од вредност, на берзите кои се наоѓаат во земјите членки на ЕУ или на ОЕЦД.

Берзите, дилерските и брокерските куќи наведени во став 2 на овој член треба да се законски регистрирани и овластени од супервизорски надлежен орган.

Покрај на пазарите наведени во став 2 на овој член, тргувањето со должнички хартии од вредност надвор од Република Македонија може да се врши и преку „Пазар преку шалтер" - "Over-the-counter (*OTC)*";

Дилерската куќа која врши тргување на ОТС треба да има капитал повеќе од една милијарда евра.

## III. Квалитет на акциите, обврзниците и другите инструменти во кои може да се вложат средствата на доброволните пензиски фондови

**Член 7**

Средствата на доброволните пензиски фондови може да се инвестираат во банкарски депозити наведени во член 131 став 1 точка а) од Законот и сертификати за депозит, комерцијални записи и обврзници наведени во член 131 став 1 точка в) од Законот, доколку се депонирани односно издадени од банка која ги исполнува следните услови:

а) има сопствени средства од најмалку 560 милиони денари согласно Законот за банки;

б) нејзината стапка на адекватност на капиталот се одржува во континуитет од моментот на инвестирање на ниво повисоко од 10% и

в) има извештај за извршена ревизија на годишните финансиски извештаи во кој не е изразено воздржување од мислење или неповолно мислење за последната финансиска година, согласно меѓународните стандарди за ревизија.

**Член 8**

Средствата на доброволните пензиски фондови може да се инвестираат во хартии од вредност врз основа на хипотека, согласно член 131 став 1 точка г) од Законот, доколку банката која ги издава ги исполнува

условите од член 7 на овој правилник и доколку се исполнети следните услови:

а) номиналната вредност на емисијата не е помала од пет милиони евра во денарска противвредност по среден курс на Народната банка на Република Македонија и

б) пазарната вредност на хипотеките со кои се обезбедени емитираните хартии од вредност врз основа на хипотека не е пониска од соодносот 1,5:1.

### Член 9

Доколку банката не ги исполнува во континуитет условите од член 7 став 1 точка а) и б) од овој правилник во период од последователни два квартали, друштвото кое управува со доброволниот пензиски фонд треба да ја усогласи состојбата на депозитите, односно хартиите од вредност издадени од банката во рок од 180 дена сметајќи од денот на изминување на вториот квартал.

### Член 10

Средствата на доброволните пензиски фондови може да се инвестираат во акции издадени од акционерски друштва наведени во член 131 став 1 точка ѓ) од Законот, во акции на затворени инвестициони фондови во Република Македонија кои имаат одобрение од Комисијата за хартии од вредност, во комерцијални записи и обврзници издадени од акционерски друштва во Република Македонија кои не се банки, доколку акционерските друштва и инвестиционите фондови кои ги издаваат ги исполнуваат следните услови:

а) имаат пазарна капитализација од најмалку три милиони евра во денарска противвредност по среден курс на Народна банка на Република Македонија;

б) нивните акции котираат на официјалниот пазар на хартии од вредност и

в) имаат извештај за извршена ревизија на годишните финансиски извештаи во кој не е изразено воздржување од мислење или неповолно мислење за последната финансиска година, согласно меѓународните стандарди за ревизија и кој е изработен од најмалку едно друштво за ревизија кое има дозвола за работа издадена од министерот за финансии.

Доколку поради промена на пазарните цени, пазарната капитализација на акционерските друштва и затворените инвестициони фондови во кои се вложени средства на доброволниот пензиски фонд се намали под 2,7 милиони евра друштвото кое управува со доброволниот пензиски фонд ги усогласува инвестиционите активности во рок од 180 дена од денот на настанување на оваа промена. Друштвото може да продолжи со инвестирањето во таа акција по исполнувањето на условот од став 1 точка а) на овој член.

### Член 11

Средствата на доброволните пензиски фондови може да се инвестираат во документи за удел на отворени инвестициони фондови во Република Македонија кои имаат одобрение од Комисијата за хартии од вредност, доколку се исполнети следните услови:

а) друштвото кое управува со отворениот инвестиционен фонд има најмалку две години континуирано искуство во управувањето со средствата во сопственост на трети лица и

б) нето вредноста на средствата на отворениот инвестиционен фонд изнесува најмалку 10 милиони евра во денарска противвредност по среден курс на Народна банка на Република Македонија.

## Член 12

Средствата на доброволните пензиски фондови може да се инвестираат во обврзници и други хартии од вредност согласно член 131 став 1 точка ѕ) од Законот, доколку:

а) обврзниците или другите хартии од вредност се издадени само од националните влади или нивните централни банки и

б) земјата на издавачот на обврзниците и другите хартии од вредност има долгорочен кредитен рејтинг за долг во странска валута "BBB+" или повисок рејтинг според Fitch Investor Services или Standard & Poor's или "Baa1" или повисок според Moody's.

## Член 13

Средствата на доброволните пензиски фондови може да се инвестираат во должнички хартии од вредност согласно член 131 став 1 точка ј) од Законот, доколку:

а) должничките хартии од вредност имаат кредитен рејтинг издаден од најмалку една меѓународна кредитна рејтинг агенција, и тоа:

- "BBB+" или повисок рејтинг според Fitch Investor Services или Standard & Poor's или "Baa1" или повисок според Moody's за долгорочни инструменти;
- "F2" или повисок рејтинг според Fitch Investor Services, "A-2" или повисок според Standard & Poor's или "P-2" или повисок според Moody's за краткорочни инструменти;

б) издадени се од компании регистрирани и со седиште во земјите членки на ЕУ или на ОЕЦД;

в) номиналната вредност на емисијата не е помала од 100 милиони евра;

г) земјата на издавачот на должничките хартии од вредност има долгорочен кредитен рејтинг за долг во странска валута "BBB+" или повисок рејтинг според Fitch Investor Services или Standard & Poor's или "Baa1" или повисок според Moody's

## Член 14

Средствата на доброволните пензиски фондови може да се инвестираат во акции од член 131 став 1 точка к) од Законот, доколку:

а) котираат на официјалниот пазар на берзите кои ги исполнуваат условите од член 6 на овој правилник;

б) издадени се од компании регистрирани и со седиште во земја-членка на ЕУ или на ОЕЦД;

в) компанијата издавач на акциите има пазарна капитализација од најмалку 500 милиони евра;

г) кредитниот рејтинг (issuer rating) на компанијата издавач е "BBB+" или повисок рејтинг според Fitch Investor Service или Standard & Poor's или "Baa1" или повисок според Moody's;

д) земјата на издавачот на акциите има долгорочен кредитен рејтинг за долг во странска валута "BBB+" или повисок рејтинг според Fitch Investor Services или Standard & Poor's или "Baa1" или повисок според Moody's.

Доколку поради промена на пазарните цени пазарната капитализација на акционерските друштва се намали под 450 милиони евра друштвото кое управува со доброволниот пензиски фонд ги усогласува инвестиционите активности во рок од 180 дена од денот на настанување на оваа промена. Друштвото може да продолжи со инвестирањето во таа акција по исполнувањето на условот од став 1 точка в) на овој член.

**Член 15**

Средствата на доброволните пензиски фондови може да се инвестираат во документи за удел и акции на странски инвестициони фондови, доколку:

а) друштвото кое управува со средствата на странскиот инвестиционен фонд ги исполнува следните услови:

- има најмалку пет години континуирано искуство за управување со средства во сопственост на трети лица;
- има седиште во земја членка на ЕУ или на ОЕЦД кое не треба да биде во off- shore зона определена од Меѓународниот монетарен фонд и
- управува со средства во сопственост на трети лица од најмалку една милијарда евра.

б) странскиот инвестиционен фонд ги исполнуваат следните услови:

- земјата во која е регистриран инвестициониот фонд има долгорочен кредитен рејтинг за надворешен долг во странска валута "BBB+" или повисок рејтинг според Fitch Investor Services или Standard & Poor's или "Baa1" или повисок според Moody's .
- нето вредноста на средствата на инвестициониот фонд изнесува најмалку 100 милиони евра;
- најмалку 51% од средствата на инвестициониот фонд се инвестирани во хартии од вредност наведени во член 131 од Законот и
- нема карактеристики на хеџ фонд (hedge fund), односно приватен фонд со ризичен капитал.

## IV.Пренесување на управувањето со средствата на доброволниот пензиски фонд на менаџер на средства со седиште во странство

### Член 16

Кога друштвото кое управува со доброволниот пензиски фонд инвестира во странство преку менаџер на средства со седиште во странство, институцијата на која може да го довери управувањето со средствата на доброволниот пензиски фонд треба да ги исполни следните услови:

а) да биде правно лице и да има законско овластување за управување со средства на трети лица согласно законодавството на матичната земја;

б) средствата на менаџерот на средства со седиште во странство да бидат целосно одвоени од средствата за управување во сопственост на трети лица;

в) да управува со средства во сопственост на трети лица од најмалку 20 милијарди евра;

г) да има најмалку седум години континуирано искуство во управување со средства во сопственост на трети лица;

д) да биде регистрирана во посебен Регистар за менаџери на средства со седиште во странство (во понатамошниот текст: Регистар на менаџери) на Агенцијата за супервизија на капитално финансирано пензиско осигурување.

Друштвото кое управува со доброволниот пензиски фонд треба да достави податоци за менаџерот на средства до Агенцијата за супервизија на капитално финансирано пензиско осигурување со кои се потврдува дека се исполнети условите од став 1 на овој член, пред да го довери управувањето со средствата на доброволниот пензиски фонд на менаџер на средства со седиште во странство. Агенцијата ја одбива регистрацијата на менаџерот на средства со седиште во странство во Регистарот на менаџери, доколку не се исполнети условите од став 1 на овој член или доколку утврди дека регистрацијата е во спротивност со интересите на членовите на пензиските фондови.

Друштвото кое управува со доброволниот пензиски фонд ја известува Агенцијата за супервизија на капитално финансирано пензиско осигурување за секоја промена на некој од условите од став 1 на овој член.

## V. Преодни и завршни одредби

### Член 17

Со денот на влегување во сила на овој правилник престанува да важи Правилник за инвестирање на средствата на доброволните пензиски фондови („Службен весник на Република Македонија” 138/2008, 91/2009).

### Член 18

Овој правилник влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија”.

**Член 19**

(Член 3 од “Службен весник на Република Македонија” бр.75/2013)

Овој правилник влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија”.

Претседател на Управниот одбор,
Анета Димовска